"ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ"
"QENDRA KULTURORE PER FEMIJE-KARPOSH"
Скопје-Република Македонија
Shkup-Republika Maqedonisë

Број/numër 01 - 414
Дата/data 22.08.2018

Врз основа на член 23 став 1 точка 12 од Статутот на Јавната установа Детски културен центар „Карпош„ – Скопје Управниот одбор на ден ____2018 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за измени и дополненија на Правилникот за донесување мерки за превентивна заштита**
**и унапредување на животната средина на**
**Јавна установа Детски културен центар „Карпош„ - Скопје**

**Член 1**

Правилникот за донесување мерки за превентивна заштита и унапредување на животната средина на Јавна установа Детски културен центар „Карпош„ – Скопје, се изменува и дополнува со следното:

Во членот 6 се додаваат две нови алинеи 3 и 4 кои ќе гласат:

За користење на услугите на Центарот, нужно се потпишува пристапница и согласност од страна на родителот/старател, при што установата ја гарантира безбедноста и сигурноста на децата со превенирање од евентуални повреди со почитување на претходните одредби од членот 6.

Секој корисник на услугите на Центарот е должен да склучи договор потпишан од двете страни ( родител/старател од една страна и Центарот како давател на услуги од друга страна) за културно – образовна соработка.

**Член 2**

Членот 7 се дополнува со нова алинеј 2 која ќе гласи:

Интенцијата на Центарот е организација на слободното време на децата, со акцент на развивање и градење таленти и нивно откривање по пат на аудиции. Децата со посебни потреби ќе бидат дел од активностите на Центарот во согласност со нивните можности, способности и афинитети.

**Член 3**

Овие измени и дополненија на Правилникот за донесување мерки за превентивна заштита и унапредување на животната средина на Јавна установа Детски културен центар „Карпош„ - Скопје на предлог на Директорот, ги донесува Управниот одбор и ќе бидат објавени на огласната табла на Центарот.

**Член 4**

Овие измени влегуваат во сила и ќе се применуваат со денот на нивното донесување.

Претседател на Управен одбор
Александар Арсовски